ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен суд преку стечајниот судија Дара Арсова, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги ХИДРО ГРУП ДООЕЛ извоз-увоз Велес – во стечај, по одржаното рочиште за утврдување и испитување на пријавените побарувања на доверители –Испитно рочиште на ден 26.05.2025 година во присуство на стечајниот управник на должникот Маринко Саздовски од Скопје, како и за доверителот Друштво за трнспорт шпедиција и услуги ЛКВ Костовски ДООЕЛ с. Долно Караслари Велес полномошник адвокат Грозданчо Сутинов од Велес, за доверителот АД ИНСА индустирја за саати Белград ( Земун ) полномошник адвокат Никола Арсовски од Скопје и за доверителот ХАЛК БАНКА АД Скопје полнмошник Маја Славковска Василева дипломиран правник со положен правосуден испит вработена кај доверителот, на ден 27.05.2025 година го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

I.

СЕ УТВРДУВААТ побарувањата на следните доверители:

1.Акционерско друштво ИНСА индустирја за саати Белград ( Земун ), во износ од 2.231.878,00 денари ( главен долг) како побарување од повисок исплатен ред, со законска казнена камата сметано од 03.03.2025 година до конечна исплата, како побарување од понизок исплатен ред

2. Друштво за трнспорт шпедиција и услуги ЛКВ Костовски ДООЕЛ с. Долно Караслари Велес, во износ од 500.000,00 денари ( главен долг) како побарување од повисок исплатен ред

3.Република Северна Македонија - Министерство за финансии - Управа за јавни приходи Регионална дирекција Прилеп во износ од 1.078.774,00 денари (главен долг) како побарување од повисок исплатен ред, со законска казнена камата сметано од 03.03.2025 година до конечна исплата како побарување од понизок исплатен ред

4. Фонд за иновации и технолошки развој Скопје, во износ од 965.915,00 денари ( од кои износ од 956.815,00 денари главен долг и износ од 9.100,00 денари трошоци) како побарување од повисок исплатен ред

5. Република Северна Македонија Општина Велес, во износ од 85.646,00 денари ( главен долг) како побарување од повисок исплатен ред

6. Друштво за обезбедување универзална услуга за снабдување со електрична енергија ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје, во износ од 2.098,00 денари ( главен долг) како побарување од повисок исплатен ред, со законска казнена камата сметано од 03.03.2025 година до конечна исплата како побарување од понизок исплатен ред

7. Акционерско друштво за услуги ЕВН Македонија Скопје, во износ од 3.988,00 денари (главен долг) како побарување од повисок исплатен ред, со законска казнена камата сметано од 03.03.2025 година до конечна исплата како побарување од понизок исплатен ред

8. Комерцијална Банка АД Скопје, во износ од 591.861,00 денари ( од кои износ од 591.381,00 денари главен долг и износ од 480,00 денари судска такса) како побарување од повисок исплатен ред, со законска казнена камата сметано од 03.03.2025 година до конечна исплата како побарување од понизок исплатен ред

9. Друштво за трговија и услуги ВОДОСКОК Скопје ДООЕЛ Скопје, во износ од 8.560.228,00 денари ( од кои износ од 8.532.136,00 денари главен долг и износ од 28.092,00 денари трошоци) како побарување од повисок исплатен ред, со законска казнена камата сметано од 03.03.2025 година до конечна исплата како побарување од понизок исплатен ред

II.

СЕ УТВРДУВА побарување со право на одвоено намирување – РАЗЛАЧНО ПРАВО на доветрителот:

1.ХАЛК БАНКА АД Скопје, износ од 11.566.967,00 денари (од кои износ од 11.516.581,00 денари главен долг и износ од 50.386,00 денари трошоци) како побарување од повисок исплатен ред, со законска казнена камата сметано од 03.03.2025 година до конечна исплата како побарување од понизок исплатен ред, со одвоено намирување за воспоставено заложно право-хипотека на недвижен имот: Лист Б КП 15651, дел 23, викано место Речани, култура ГЗ ГНЗ, класа 3, површина 1069 м2, Имотен лист 29079, КО Велес, КП 15651, дел 23, ред. бр.1, влез 1, кат ПО, намена на посебен дел /заеднички дел ДП со површина од 89 м2, ред.бр.2, влез 1, кат ПО, намена на посебен дел/заеднички дел, ПП, со површина од 136 м2, ред.бр.3, влез 1, кат ПО, намена на посебен дел/заеднички дел, ходници со површина од 12 м2, ред.бр.4, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел/заеднички дел, ходници со скали со површина од 17 м2, ред.бр.5, вле1, кат ПР, намена на посебен дел /заеднички дел, помошни простории (тераса, лоѓија, балкон) со површина од 26 м2, ред.бр.6 влез 1, кат ПР, намена на посебен дел/заеднички дел, ходници со површина од 4 м2, ред.бр.7 влез 1, кат ПР, намена на посебен дел/заеднички дел, ДП, со површина од 195 м2, евидентиран во лист за предбележување на градба бр.35894 за КО Велес.

III.

СЕ ОСПОРУВА побарувањето на доверителот:

1.Македонски телеком АД за електронски комуникации Скопје, во износ од 68.884,00 денари

IV.

Доверителите чии побарувања се оспорени од страна на стечајниот управник СЕ УПАТУВААТ да поведат постапка пред судот за утврдување на оспореното побарување, во рок од 8 дена од приемот на решението, а во спротивно ќе се смета дека доверителот се одрекол од правото за водење на парница.

О б р а з л о ж е н и е

Со решение СТ бр.17/24 од 03.03.2025 година отворена е стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги ХИДРО ГРУП ДООЕЛ извоз-увоз Велес – во стечај.

Во текот на постапката закажано е рочиште за испитување и утврдување на пријавените побарувања на доверителите (испитно рочиште) и рочиште на Собрание на доверители (извештајно собрание) на кое врз основа на извештајот на стечајниот управник доверителите ќе одлучуваат за понатамошниот тек на постапката. Во стечајната постапка навремено се пристигнати вкупно 11 пријави на парични побарувања од стечајни доверители. Согласно чл.89 ст.1 од Законот за стечај стечајниот управник се има произнесено по секое навремено и уредно пријавено побарување на доверителите наведено во посебна Табела -шема во која се наведени правниот основ и износот на пријавеното побарување, со произнесување на стечајниот управник дали го признава или оспорува побарувањето. Согласно чл.89 ст.2 од Законот за стечај, табелата на ден 23.04.2025 година е депонирана во стечајното досие на предметот, за што е објавен Оглас ( известување) на огласната табла на судот на ден 24.04.2025 година и во дневниот весник Вечер на 24.04.2025 година. Извршена е лична достава на Табелата само до доверителот чие побарување е оспорено. Против Табелата - шема на пријавени побарувања не е пристигнат приговор.

При ваква состојба, со оглед дека побарувањата регистрирани во посебната Табела –шема кои стечајниот управник ги признава не беа приговорени ниту оспорени од друг доверител, врз основа на чл.89 ст.5 од Законот за стечај следуваше судот да одлучи како под I и I од изреката на решението. Побарувањето на доверителот наведен под III

од изреката кое е оспорено од страна на стечајниот управник, се смета за оспорено побарување и доверителот за истото се упатува да поведе постапка пред судот за утврдување на оспореното побарување, во рок од 8 дена од приемот на решението, а согласно чл.91 од Законот за стечај.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС, СТ.бр.17/2024 од 27.05.2024 година

Стечаен судија
Дара Арсова

ПРАВНА ПОУКА:
Против ова решение не е дозволена жалба.

ДН. - стечаен управник
- сите 11 доверители опфатени во изреката